

# Камер Идризи, лице познато за МВР, е убиениот во вечерашното пукање во Бутел

12/05/2021 - 23:56 72,255

Од: **Мери Јордановска**

SHARE

Камер Идризи, роден во 1978 година, е лицето кое вечерва загина во престрелката во скопски „Бутел“, дознава „А1он“ од доброупатени полициски извори.

Идризи е лице познато за полицијата, а според нашите извори, во престрелката тешко ранет е и неговиот внук.

Убиството се случи доцна вечерва, на раскрсницата од булеварите „Босна и Херцеговина“ и „Христијан Тодоровски-Карпош“. Од МВР за „А1он“ веќе потврдија дека од првичните информации знаат дека е пукано од возило кон друго возило марка „голф“ во кое се превезувале две лица.

Информациите се дека кон лицата биле испукани дури 80 куршуми, од возило марка „Ренџ Ровер“.



*Идризи и генералниот секретар на Владата, Мухамед Зекири / Фото: Фејсбук*

„Во СВР Скопје околу 22 часот пријавено е пукање од возило кон друго пмв ‘голф’ на раскрсницата од булеварите „Босна и Херцеговина“ и „Христијан Тодоровски-Карпош“, односно на паркингот. Во возилото ‘голф’ во кој било пукано, биле две машки лица, од кои едно им подлегнало на повредите во Клинички Центар. Увидна екипа на терен се работи на расчистување на случајот“, изјавија од МВР за „А1он“.



*Идризи и градоначалникот на Бутел, Велимир Смилевски / Фото: Фејсбук*

Идризи беше едно од лицата врз кое беше пукано во хотелот „Александар Палас“ во 2019 година. Како што тогаш беше објавено, напаѓачите биле вооружени со автоматско оружје и имале фантомки на главите, а поголеми последици врз нападнатите спречил полицаец во цивил кој во тој момент седел на истата маса со нападнатите и пукал кон напаѓачите во самоодбрана. Нападнатата група беше од Грчец, скопско.

Повеќе детали за вечерашната пресметка се најавени за текот на утрешниот ден.

## БИ МОЖЕЛО ДА ВЕ ИНТЕРЕСИРА



Две сообраќајки во Велес, тешко повредено 21-годишно момче



„Бевме блиски цел живот, работеше во Комунална хигиена“, градоначалникот на Бутел за убиениот Идризи



Брачна двојка од Гази Баба нападната во својот двор поради долгови на синовите



Дете украло пиштол изложен во битолскиот музеј



МВР со решение го пензионира началникот Велковски, без да му понуди да остане во МВР



434 санкции за неносење маска

FACEBOOK LIKE
TWITTER FOLLOW
INSTAGRAM FOLLOW
YOUTUBE SUBSCRIBE

## НАЈЧИТАНИ



„Бевме блиски цел живот, работеше во Комунална хигиена“, градоначалникот на Бутел за убиениот Идризи

13/05/2021 - 17:03



Застрашувачки снимки: Урната највисоката зграда во Газа, Израелците пред рекетирањето ги предупредиле станарите

13/05/2021 - 08:29



ВИДЕО: Палестинец едвај се спаси од линч, го извлекоа од возило и го претепаа со палки

13/05/2021 - 13:56



МВР со решение го пензионира началникот Велковски, без да му понуди да остане во МВР

13/05/2021 - 16:01



Брачна двојка од Гази Баба нападната во својот двор поради долгови на синовите

13/05/2021 - 17:01



@2019 - A1on. Сите права задржани.
Member of Clip Media Group